**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Јавно Претпријатие за Државни патишта**

Бр. 02-8476/5
31-10-2013

**Скопје**

Врз основа на член 26 од Законот за јавните набавки (Сл. Весник на Република Македонија бр 136/07, 130/08, 97/10, 53/11, 185/11 и 15/13), член 20 точка 14 од Статутот на Јавното претпријатие за државни патишта (Службен весник на Република Македонија бр. 09/2013) Управниот одбор донесе:

## ПЛАН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ ЗА 2013 ГОДИНА НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА

1. Годишниот план за јавните набавки за 2013 година број 02-265/8 од 15.01.2013 година се менува во следните точки:

48. Изработка на проектна документација за изградба на државен пат А4 делница Радовиш – Струмица

54. Изработка на проектна документација за изградба и реконструкција на државен пат Р2235 Делница Маврови Анови-С. Маврово

Односно наместо набавката на проектна документација за изградба на државен пат А4 делница Радовиш – Струмица, ќе се изврши набавка на проектна документација за изградба, рехабилитација и реконструкција на следниве патни правци:

- Рехабилитација на патниот правец А3, делница Битола – Ресен – Буково;
- Рехабилитација и реконструкција на патниот правец Р 1206 Маврово – Дебар;
- Рехабилитација на патниот правец Р2233 Брвеница - Гостивар;
- Рехабилитација и реконструкција на патниот правец А3, делница Штип - Кочани;
- Изградба на патниот правец Р1210, делница Тораница - Саса;
- Изградба на патниот правец Р1308, делница Пониква – Турско Рударе.

и се менува проценетата вредност на договорот од 100.000.000 денари без ДДВ, на 108.474.576 денари без ДДВ.

Воедно, во јавната набавка за Изработка на проектна документација за изградба и реконструкција на државен пат Р2235 Делница Маврови Анови-С. Маврово, се менува проценетата вредност на договорот од 12.500.000 денари без ДДВ на 4.025.424 денари без ДДВ.

Оттука во Годишниот план за јавните набавки во 2013 година со број 02-265/8 од 15.01.2013 година, горенаведените јавни набавки се менуваaат и изменетиот план гласи:

| РБ | Предмет на договорот за јавна набавка/рамковната спогодба | Очекуван почеток на постапката | Вид на постапка | Проценета вредност на договорот/ | ДДВ | Вкупно со ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 48 | Изработка на проектна документација за изградба, рехабилитација и реконструкција на следниве патни правци:<br>Рехабилитација на патниот правец А3, делница Битола – Ресен – Буково; Рехабилитација и реконструкција на патниот правец Р 1206 Маврово – Дебар;<br>Рехабилитација на патниот правец Р2233 Брвеница - Гостивар; Рехабилитација и реконструкција на патниот правец А3, делница Штип - Кочани;<br>Изградба на патниот правец Р1210, делница Тораница - Саса; Изградба на патниот правец Р1308, делница Пониква – Турско Рударе; | ноември | Отворена постапка | 108.474.576 ден. | 19.525.424 ден. | 128.000.000 ден. |
| 54 | Изработка на проектна документација за изградба и реконструкција на државен пат Р2235 Делница Маврови Анови-С. Маврово | септември | Отворена постапка | 4.025.424 ден. | 724.576 ден. | 4.750.000 ден. |

Во останатиот дел Годишниот план за јавните набавки за 2013 година број 02-265/8 од 15.01.2013 година останува непроменет.

**2.** Овој план стапува на сила на денот на донесување.

**Образложение:**

Измената на Планот за јавните набавки за 2013 година, донесен од Управниот одбор со број 02-265/8 од 15.01.2013 година претставува ажурирање на постоечкиот план, а потребата од измена на истиот се должи на потребата од ажурирање со јавните набавки кои се неопходни заради реализација на проектите најавени со нов проект финансиран од Светска банка. Намалувањето на проценетата вредност на јавната набавка за Изработка на проектна документација за изградба и реконструкција на државен пат Р2235 Делница Маврови Анови-С. Маврово се должи на намалувањето на првично планираната должина на делницата од 6,9 на околу 1,0 км и го опфаќа најкритичниот дел од браната до Белички канал.

Потребните финансиски средства за реализирање на горенаведените набавки и тоа набавките под реден број 48 и 54 се веќе обезбедени во Планот за јавните набавки, а се врши прераспределба на средствата помеѓу двете јавни набавки.

**Претседател на Управен одбор**

**Сања Минкова**